РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-5667/2

17-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава на продолжението на 42-та седница одржано на ден 14.12.2020 година Државната комисија за спречување на корупцијата донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под број 12-5667/1 од 18.12.2019 година, доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување поради тоа што активностите наведени во пријавата се имаат случено во период од 2002 до 2006 година.

До министерот за надворешни работи да се достави известување за предметниот случај и донесената Одлука на ДКСК.

Предметот со број 12-5667 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5667 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5667/1 од 18.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на непознат подносител – анонимна пријава.

Во доставената пријава изнесени се наводи за несовесно работење, неодговорно и непрофесионално однесување на лицето --------- ---------, во функција на министер - советник во Амбасадата на РМ во Рим во периодот од 2002-2006 година. Имено, во конкретниот случај неодговорното и непрофесионалното работење на --------- --------- се поврзува со прекин на работниот однос на тогашниот технички секретар --------- ---------, без основ, апо барање и налог на наведеното лице како министер - советник. По прекинот на работниот однос, од страна на оштетеното лице бил поведен судски спор со Амбасадата на РМ во Рим пред Италијанскиот Суд, и иако министерот - советник имала обврска да ги застапува интересите на РСМ и на Амбасадата, истата не се појавила на ниту едно рочиште и врз основа на тоа Италијанскиот суд по брза постапка пресудил исплата на надомест во интерес на оштетеното лице --------- ---------. Во пријавата се наведува дека почетната сума по пресудата што Република Северна Македонија треба да ја плати заради лошото и несовесно работење на наведениот министер - советник во Рим е повеќе од 200.000 евра зголемена за износот на камата до

денешен ден. Врз основа на донесената пресуда, Италијанскиот суд ја блокирал сметката на Амбасадата на РСМ во Рим, која е блокирана повеќе од 10 години. До денот на поднесувањето на оваа пријава Амбасадата во Рим нема активна трансакциска сметка, ниту пак може да отвори нова сметка во друга банка, се додека РСМ не подмири својата обврска кон С.Ј.

ДКСК, при извршени проверки, дојде до сознанија дека предметните наводи по однос на водениот судски спор на Амбасадата на РМ во Рим, се обелоденети и во Ревизорски извештај изготвен од страна на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи со состојба на ден 31 декември 2017 година

ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во предметниот случај станува збор за активности од работењето на Амбасадата на РСМ во Рим во периодот 2002-2006 година за кои е запознаено ресорното Министерство за надворешни работи, за кои се води судски спор, и дека состојбите се обелоденети како прашања на неизвесност и континуитет во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи со состојба на ден 31 декември 2017 година.

Со оглед на констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај постапува друг надлежен орган по заведен судски спор по кој постапката се уште не е завршена, по што оцени дека Државната комисија нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Воедно, до министерот за надворешни работи да се достави известување за предметниот случај и донесената Одлука на ДКСК.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 5667/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : К.Н ,член на ДКСК